## Придружете се на нашите настани

Пошироко ангажирање е главната цел на Бирурал. Граѓаните, наставниците и учениците ќе бидат приклучени преку иновативни форми, како био-базирани поп-ап продавници, едукативни семинари, летни школи или веб-семинари. Целта на овие настани е да се стимулира и развива разбирањето и интересот за поддршка на регионалната биоекономија. Понатаму, чинителите во областа на биоекономијата и клучните локални играчи од академскиот сектор, бизнисот, политиката и граѓанското општество ќе ги дискутираат регионалните потенцијали и ќе развијат био-базирани стратегии и патокази. Посетете го нашиот веб портал и регистрирајте се на нашиот е-весник за да бидете во тек и да се придружите на нашите настани.

## Партнери

## Контакт проектен менаџмент:


**Holger Gerdes | Ecologic Institute**
Pfalzburger Strasse 43/44, 10717 Berlin
holger.gerdes@ecologic.eu
Phone: +49 30 86880148





**Социјални медиуми**

- twitter.com/BE_Rural
- instagram.com/BE_Rural/
- facebook.com/BioEconomy.Rural/
- linkedin.com/company/beruralproject


Овој проект е финансиран од Програмата за истражување и иновации на Европската Унија „Хоризонт 2020“, со договор бр. 818478


# BE-Rural (Бирурал): Био-стратегии и патокази за засилен рурален и регионален развој во ЕУ

**Развој на руралната биоекономија имајќи ги предвид предностите на регионите:** Европските региони се различни од економски, еколошки и културен аспект. Тие се области со богатство од екосистеми и ресурси каде биоекономијата ветува можности за рурални работни места и одржлив раст. Овој премин кон нова, био-базирана регионална економија бара активно учество на широк спектар од чинители и одржливо користење од земјоделските, шумските и морските еко-системи. Врз основа на овaa идеја, Бирурал ќе ги истражува потенцијалите на регионалните и локалните био-базирани економии и ќе го поддржи развојот за биоекономски стратегии, патокази и бизнис модели. Во оваа насока ќе се воспостават Отворени иновативни платформи (Open Innovation Platforms (OIPs)) во одбраните региони од следните пет земји: Бугарија, Латвија, Северна Македонија, Полска и Романија.

## Цели

Напредни иновативни региони

Мобилизирање на чинителите

Идентификација и дисеминација на добри практики

Градење на капацитет

Создавање на нови знаења

Истражување на бизнис модели

Зголемување на свеста и разбирањето

BE-Rural




**15,257 km²**

### Видземе и Курземе, Латвија

- **Достапни ресурси: шуми, запуштено земјоделско и тревно земјиште**
- **Регионален партнер: Национален институт за проучување на шумите на Латвија**

**1,097 km²**

### Шчечин и Вистула Лагуна, Полска

- **Достапни ресурси: рибни резерви со ниска вредност**
- **Регионален партнер: Национален институт за истражување на морски рибници**

**3,705 km²**

### Ковасна, Романија

- **Достапни ресурси: шуми, семе од репка, зрнести култури, добиток, минерална вода**
- **Регионален партнер: Институт за економски предвидувања**

**5,151 km²**

### Стара Загора, Бугарија

- **Достапни ресурси: Изобилство на тревки, рози, лаванда, нане, овоштарници, вино, фуражни култури, житарки, зеленчукови култури**
- Регионален партнер: Индустриско здружение на Бугарија

**935 km²**

### Струмица, Северна Македонија

- **Достапни ресурси: зеленчук, житарки, фуражни култури, отпад од индустриски постројки**
- **Регионален партнер: Меѓународен центар за одржлив развој на енергетски, водни и околински системи - Македонска секција (SDEWES-Skopje)**